МАКЕДОНСКИ
ИНСТИТУТ
ЗА МЕДИУМИ

НОВИНАРСКИ НАГРАДИ 2024
НИКОЛА МЛАДЕНОВ

# ИЗВЕШТАЈ НА КОМИСИЈАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НОВИНАРСКИТЕ НАГРАДИ „НИКОЛА МЛАДЕНОВ 2024“

Во рамки на заложбите на Македонскиот институт за медиуми (МИМ) за поддршка на професионалното новинарство, Комисијата за доделување на новинарските награди НИКОЛА МЛАДЕНОВ 2024, во состав:

- **Милка Смилевска, новинарка во „Ал Џезира“**
- **Емилија Петреска-Камењарова, комуниколог**
- **Синиша Станковиќ, новинар**
- **Бесим Небиу, граѓански активист**
- **Биљана Петковска, директорка на МИМ**

## ДОНЕСЕ ОДЛУКА

**Првата награда за Најдобра истражувачка сторија им се доделува на Марија Митевска, Срѓан Стојанчов, Миомир Серафиновиќ и Снежана Лупевска-Созен од редакцијата на „КОД“, за серијалот истражувачки стории за тендерите во енергетскиот сектор, објавени во емисијата „КОД“ на ТВ Телма.**

Истражувањето на тимот на „КОД“ обелоденува сериозно коруптивно постапување на државните институции при спроведување на тендери и набавки во енергетскиот сектор во милионски износи.

Комисијата смета дека тимот новинари демонстрирал исклучителен новинарски ангажман и спровел сеопфатно истражување поткрепено со факти и податоци со кои на јавноста ѝ открива како одредени функционери и фирми блиски до претходната влада ги

Јуриј Гагарин 17-1/1
Скопје, Македонија
+389 2 30 90 144
mim@mim.org.mk
www.mim.org.mk

злоупотребувале тендерски постапки. Се работи за тема од исклучителен јавен интерес и со огромно општествено влијание, бидејќи енергетскиот сектор секоја година алоцира милиони евра од државниот Буџет. Неодамна беа спроведени и конкретни акции на истражните органи против инволвираните лица.

**Втората награда за Најдобра истражувачка сторија му се доделува на новинарот Петар Клинчарски за серијалот текстови за Државна лотарија, објавени на веб-порталот на Радио Слободна Европа.**

Новинарот Клинчарски, преку серија текстови открива незаконско постапување во Државна лотарија при закуп на нов деловен простор и тендерите што ги спроведуваше акционерското друштво во време на поранешниот директор.

Комисијата констатира дека се работи за темелно новинарско истражување, поткрепено со факти, докази и релевантни извори, што предизвикаа големи реакции во јавноста. Како епилог, Владата и Државна лотарија ги раскинаа договорите, а поранешниот директор и сопствениците на компаниите со кои се склучувале договорите се предмет на финансиски истраги од страна на Финансиската полиција и Обвинителството.

**Третата награда за Најдобра истражувачка сторија му се доделува на тимот на Истражувачката репортерска лабораторија (ИРЛ) - Александра Денковска, Александар Јанев, Бојан Стојановски, Сашка Цветковска, Трифун Ситниковски и Давид Илиески, за истражувањето „Украдени животи“, емитувано на МТВ1 и на веб-порталот на ИРЛ.**

Сторијата „Украдени животи“ разоткрива измами со брзи кредити, откако лични податоци на граѓаните протекле од државни институции и биле злоупотребени од организирани криминални групи од Македонија, Косово и Бугарија. Истражувањето прецизно ги отсликува последиците од потфрлањето на институциите да се обезбеди ефикасен надзор врз работата на финансиските друштва во земјата.

Комисијата истакнува дека тимот на ИРЛ исклучително темелно, посветено и професионално разоткрива сериозни системски пропусти и потфрлање на институциите кои не успеале целосно да ги заштитат личните податоци на граѓаните.

**Пофалници за истакнат новинарски ангажман во категоријата Најдобра истражувачка сторија им се доделуваат на:**

- **Мирослава Симоновска** за сторијата „Тројца лекари од Македонија жртви на дезинформации со кои фирмата *Монад Плуг* се богатела на сметка на здравјето на луѓето“, објавена во весникот Слободен печат
- **Мери Јордановска и Антонија Јаневска** за сторијата „Семејно насилство: Шамарите и неказнивоста одат рака под рака“, објавена на веб-порталот на новинската агенција МЕТА
- **Билјана Николовска Тодорова** за сторијата „’Made in Veles’: Трамп картички со ‘милиони’“, објавена на веб-порталот на Радио Слободна Европа
- **Александар Димитриевски** за сторијата „Милиметри вредни милиони“, објавена во емисијата „360 степени“
- **Александар Методијев и Сузана Мицева** за сторијата „Пази! Видлив воздух“, емитувана на повеќе медиуми.

**Жирито со мнозинство гласови одлучи Наградата за најиновативен новинарски производ да ја поделат тимот на Истражувачката репортерска лабораторија (ИРЛ) за новинарскиот проект „Мобилна редакција: Кичево“ и новинарките од емисијата „КОД“, Марија Митевска и Снежана Лупевска Созен, за видео сторијата посветена на обвинението за грабнувањето и убиството на малата Вања.**

Мобилна редакција претставува нов и иновативен модел што се справува со локалната корупција во заедници каде што медиумската покриеност е слаба или целосно контролирана од локалните власти. Наместо традиционалното централизирано известување, целиот тим на ИРЛ – новинари, филмаџии, дизајнери и дата-експерти се сели на неколку недели во посиромашни региони на Македонија. Преку непосредна интеракција со жителите, се гради доверба и се собираат пријави за корупција.

Новинарката Митевска, на автентичен и креативен начин го анализира покренатото обвинение за грабнувањето и убиството на малата Вања, користејќи дигитална реконструкција на настаните. Овој пристап овозможи детална анализа и визуелизација на клучните моменти од злосторот, преку користење алатки за дигитална форензика со кои можат да се потврдат фактите.

**Наградата за Најдобра репортерска фотографија му се доделува на фоторепортерот Ѓорѓи Личовски за фотографијата „Ловец на метеори“, објавена во германскиот магазин „Штерн“.**

Демонстрирајќи исклучителна креативност и естетски израз, фотографијата прикажува астроном-аматер како чека совршен момент за фотографирање на метеорскиот дожд „Персиди“ - астрономски феномен што се појавува на небото секоја година во месец август.

На годинешниот конкурс што беше објавен на 22 јануари и траеше до 17 февруари 2025 година пристигнаа:

- 36 стории обработени во 185 текстови/видео прилози во категоријата **Најдобра истражувачка сторија**
- 5 теми обработени во 12 текстови/видео прилози во категоријата **Најиновативен новинарски производ**
- 16 фотографии во категоријата **Најдобра репортерска фотографија**.

Комисијата констатира дека во текот на 2024 година во медиумите биле објавени исклучително квалитетни новинарски истражувања на теми од висок јавен интерес. Повеќето поттикнале институционална разрешница во случаите каде што се констатирани неправилности и злоупотреби од страна на поединци и институции.

Наградените и пофалените новинарски истражувања во рамки на годинешниот конкурс се изработени според професионалните и етичките стандарди во новинарската професија и демонстрираат квалитетен новинарски ангажман и естетски израз.

Наградите за најдобра истражувачка сторија МИМ ги доделува традиционално од 2001 година, а од 2013 година наградата го носи името на угледниот новинар и сопственик на неделникот Фокус, Никола Младенов.

Скопје, 25 март 2025 година

Јуриј Гагарин 17-1/1
Скопје, Македонија
+389 2 30 90 144
mim@mim.org.mk
www.mim.org.mk

МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ

**Линкови до наградените новинарски стории:**

| |
|---|
| **Најдобра истражувачка сторија - прва награда** |
| Серијалот истражувачки стории за тендерите во енергетскиот сектор:<br><br>https://telma.com.mk/2024/01/25/kod-kako-bekteshi-zavrshi-na-krivichnata-iniczijativa-na-dksk-za-mazutot-na-tecz-negotino-imala-li-rkm-na-kapushevski-insajderski-informaczii-poradi-shto-rastela-czenata-na-strujata/<br>https://telma.com.mk/2024/02/19/kod-vladata-so-pishi-brishi-ovozmozhila-rekordni-milionski-tenderi-za-jaglen/<br>https://telma.com.mk/2024/02/27/kod-esm-pred-kolaps-poradi-dolgovi-kolku-pari-golta-rek-bitola-za-rentane-na-oprema-i-za-jaglen-mazut-begstvo-na-rkm/ |
| **Најдобра истражувачка сторија - втора награда** |
| Серијал текстови за Државна лотарија<br><br>https://www.slobodnaevropa.mk/a/plodni-korupciski-aferi-jalovi-institucionalni-ishodi-/32745361.html<br>https://www.slobodnaevropa.mk/a/finansiska-istrazhuva-lotarija-si-tera-tender-za-novoto-sedishte/32767465.html<br>https://www.slobodnaevropa.mk/a/zakon-onlajn-firmi-drzhavna-lotarija-/33032838.html<br>https://www.slobodnaevropa.mk/a/lotarija-istraga-tenderi/33094235.html<br>https://www.slobodnaevropa.mk/a/33123741.html<br>https://www.slobodnaevropa.mk/a/33124784.html<br>https://www.slobodnaevropa.mk/a/lotarija-onlajn-zakup-/33132765.html<br>https://www.slobodnaevropa.mk/a/artan-grubi-lotarija-istraga/33242722.html<br>https://www.slobodnaevropa.mk/a/33252874.html<br>https://www.slobodnaevropa.mk/a/33253848.html<br>https://www.slobodnaevropa.mk/a/33253957.html<br>https://www.slobodnaevropa.mk/a/aparatite-za-kockanje-na-lotarija-za-koi-ima-istraga-za-nabavkata-pravat-troshok-i-nevklucheni/33254712.html |
| **Најдобра истражувачка сторија - трета награда** |
| „Украдени животи“<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=RIbgYhjGybE<br>https://irl.mk/ukradeni-zhivoti/<br>https://irl.mk/brza-stapica/<br>https://irl.mk/nedolzhni-dolzhnici/ |
| **Најиновативен новинарски производ** |
| „Мобилна редакција: Кичево“<br><br>https://irl.mk/mobilna-redakci-a-kichevo/#tim<br><br>Видео сторијата посветена на обвинението за грабнувањето и убиството на малата Вања<br><br>https://telma.com.mk/2024/06/03/kod-obvinenie-za-ubistvata-na-vana-i-palcho-shto-gi-zatvori-hirurshkite-sali-sabotazha-ili-negrizha/ |

МАКЕДОНСКИ
ИНСТИТУТ
ЗА МЕДИУМИ

| **Најдобра репортерска фотографија** |
| --- |
| „Ловец на метеори“<br><br>https://tinyurl.com/5n7k3jk6 |
| **Пофалници за истакнат новинарски ангажман во категоријата Најдобра истражувачка сторија** |
| „Тројца лекари од Македонија жртви на дезинформации со кои фирмата *Монад Плуг* се богатела, на сметка на здравјето на луѓето“<br><br>https://www.slobodenpecat.mk/trojca-lekari-od-makedonija-zhrtvi-na-dezinformacii-so-koi-firmata-monad-plug-se-bogatela-na-smetka-na-zdravjeto-na-lugjeto/<br><br>„Семејно насилство: Шамарите и неказнивоста одат рака под рака“<br><br>https://meta.mk/imashe-krvav-pogled-kako-vo-horor-film-po-tri-prijavi-za-semejno-nasilstvo-dnevno/<br>https://meta.mk/nemoj-tato-nemoj-decata-svedoci-ili-zhrtvi-na-semejno-nasilstvo-dozhivotno-ja-nosat-bolkata/<br>https://meta.mk/semejno-nasilstvo-od-kjotek-do-presuda-pominale-shest-godini-nasilnikot-odamna-e-vo-begstvo/<br>https://meta.mk/toj-samo-me-turna-crveniloto-e-od-alergija-a-povredite-od-nervoza-sramot-od-semejno-nasilstvo-posilen-od-bolkata/<br><br>„’Made in Veles’: Трамп картички со ‘милиони’“<br><br>https://www.slobodnaevropa.mk/a/made-in-veles-tramp-kartichki-so-milioni-/32832496.html<br>https://www.slobodnaevropa.mk/a/kreatorite-na-lazhni-tramp-kartichki-pochnaa-da-gi-brishat-digitalnite-tragi/32841384.html<br>https://www.slobodnaevropa.mk/a/32848463.html<br><br>„Милиметри вредни милиони“, објавена во емисијата „360 степени“<br><br>https://360stepeni.mk/video-zdravstvo-kupuva-ambulantni-vozila-po-90-000-evra-parche-a-rechisi-isti-takvi-eu-gi-kupi-po-63-000-evra/<br>https://360stepeni.mk/video-zdravstvo-gi-izbra-ama-se-ushte-ne-stava-potpis-za-da-gi-kupi-ambulantnite-vozila-od-po-90-000-evra/<br>https://360stepeni.mk/video-kvasets-vo-tenderot-za-ambulantni-vozila-na-ministerstvoto-za-zdravstvo/<br>https://360stepeni.mk/zdravstvo-go-ponishti-tenderot-za-ambulantnite-vozila-od-po-90-000-evra-po-serijata-storii-na-360-stepeni/<br><br>„Пази! Видлив воздух“<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=N1hhTV8V_RU<br>https://www.youtube.com/watch?v=lQJMv3hWFxg |

Јуриј Гагарин 17-1/1
Скопје, Македонија
+389 2 30 90 144
mim@mim.org.mk
www.mim.org.mk